# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Службен весник на Р. Македонија бр.81/08 од 7.07.2008 год.**

**Член 1**

Во Законот за просветната инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2005), во главата 9 насловот "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се заменува со насловот "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

**Член 2**

Во членот 36 ставот 1 се менува и гласи:
"1) Глоба во износ од 2.500 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".
Ставот 2 се менува и гласи:
"2) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член."
Ставот 3 се менува и гласи:
"3) За дејствијата од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на физичко лице вработено во правното лице од ставот 1 на овој член."
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
"4) Постапката за порамнување за прекршоците пропишани со овој закон се спроведува согласно со членот 46 од Законот за прекршоците."

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".